- **Член 9 –** (став 1 точка 5) Парична помош во висина на реални погребни трошоци, но најмногу до три просечни месечни нето плати по вработен исплатени во Република Македонија во последниот месец пред настапувањето на смртта, според податоците на Државниот завод за статистика, што се исплатува на семејството на умреното лице од кое се земени делови од човечкото тело заради лекување. Паричната помош од ставот (1) точка 5 на овој член ја обезбедува Министерството за здравство од програмата која се однесува на земање делови од човечкото тело заради лекување, донесена согласно со Законот за здравствена заштита.
- **Член 13 –** Личните податоци на лицето од кое се земени делови на човечкото тело, како и оние кои се однесуваат на приматели се сметаат за строго доверлива информација и се чуваат во согласност со прописите за заштита на класифицирани информации на личните податоци.
- **Член 15 –** Орган или ткиво од телото на жив дарител може да се земе со пресадување исклучиво заради лекување на приматели, ако не постои соодветен орган или ткиво од умрено лице и ако не постои друг, приближно еднаков метод на лекување, освен во случај на коскена срцевина.
- **Член 26 –** (1) Делови од тело на умрено лице можат да се земат заради пресадување откако со сигурност, врз основа на медицински критериуми и на пропишан начин е утврдено дека настапила смрт кај тоа лице. (2) Смрт во смисла на ставот (1) од овој член претставува неповратен престанок на функцијата на мозокот утврдена со клинички прегледи.



# ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА

***Во Република Македонија веќе долги години со трансплантација се спасуваат по неколку животи или се подобрува животот на пациентите, но потребата за тоа е десет пати поголема. За жал, многу пациенти кај кои дошло до трајно откажување на одредени органи умираат или доживотно се лекуваат со тешки тераписки процедури.***

# ПОМИСЛЕТЕ НА ТОА ДЕКА

***Можеби уште утре членови на вашето семејство, ваши пријатели, или можеби и вие самите ќе имате неопходна потреба од подарен орган.***

# РАЗГОВАРАЈТЕ

***Со вашето семејство и пријателите за вашата одлука и подготвеност по вашата смрт да помогнете да се спасат други животи на кои тоа им е неопходно потребно.***

# ПРАШАЈТЕ

***Доколку сакате да дознаете повеќе околу вистинската тема органодарителство, Вие можете на инфо сервисот ОРГАНОДАРИТЕЛСТВО преку повикување на тел. бр. 02/322 58 99 да добиете дополнителни информации.***

**WWW.REDCROSS.ORG.MK**

www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija

www.youtube.com/MacedonianRedCross

# ДАРУВАЈТЕ ОРГАН ПОДАРЕТЕ ЖИВОТ



## Што е органодарителство?

***ОРГАНОДАРИТЕЛСТВОТО е постапка на ДАРУВАЊЕ органи, ткива или клетки од живо или починато лице, со цел пресадување (трансплантација) во телото на друго лице заради лекување. Дарувањето е доброволно и без финансиски и друг вид надоместок.***

## Кои органи и ткива најчесто се трансплантираат?

- ***Бубрези,*** *за да се отстрани потребата од дијализа*
- ***Панкреас,*** *за да се отстрани потребата од инсулин*
- ***Црн дроб, бели дробови, срце или тенко црево,*** *кога органот не е во можност да го одржи натамошното преживување на пациентот*
- ***Коскена срж,*** *која се користи за да се возобноват крвните клетки при одредени состојби и после антиканцер терапија*
- ***Кожа,*** *за третман на сериозни изгореници и други оштетувања*
- ***Срцеви валвули или артерии,*** *по одредени услови*
- ***Коски***
- ***Корнеа,*** *кога овој тенок заштитен филм на окото е оштетен поради интервенција на катаракта или траума*

Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
Macedonian Red Cross

комерцијална банка ад скопје

# Кога една личност може да дарува органи и ткива ?

Секој од нас, доколку ги исполнува медицинските услови, може да донира бубрег, дел од црниот дроб или белите дробови, матични клетки и кожа. Дарител на органи може да биде пациентот кај кого настапила мозочна смрт. Тој може да ги дарува бубрезите, црниот дроб, срцето, белите дробови, тенкото црево и други ткива. Донирањето органи во овој случај е можно само откако стручен медицински тим ќе утврди дека кај пациентот настанала мозочна смрт.



## Кога органите можат да бидат донирани ?

**Кога лекарите ќе утврдат дека настапила мозочна смрт, органите почнуваат да се одржуваат со помош на апарати. Во наредните неколку часа, тие мора да стигнат до соодветните примачи. Земањето на органите нема да се случи доколку :**

- **Не се исполнети сите медицински услови**
- **Личноста кај која е констатирана мозочна смрт потпишала изјава дека не сака да биде дарител на органи**
- **Доколку семејството на потенцијалниот дарител не се согласи неговите органи да се донираат.**

## Дали здравствената состојба е важна во постапката за органодарителство ?

- ДА, потребна е внимателна процена на здравствената состојба!
- Органодарителството за време на животот не смее да го загрозува животот на дарителот ниту пак да нанесе трајно оштетување на здравјето.
- При органодарителството од починато лице органите и ткивата треба да се во добра состојба.

## Кога органите можат да бидат донирани ?

Во сите Европски земји, дарувањето органи е законски регулирано. Во Република Македонија донесен е Закон за пресадување органи и ткива заради лекување, кој е во согласност со сите Европски регулативи. Целата постапка на трансплантацијата е јасно и прецизно дефинирана. Ќе се спроведува во специјализирани медицински установи од стручни лица, во соработка со акредитирани лаборатории. Ќе се преземат сите мерки за да се зачува анонимноста на дарителот и примателот на органот и ќе се почитуваат законските решенија.

## Што треба да направите за да станете дарител ?

Одлучи да станеш дарител и запознај го своето семејство со одлуката. За време на твојот живот треба да разговараш со блиските личности во семејството и со своите пријатели. Јасно да ја изразите желбата за дарување на орган или ткиво. Ако семејството ја знае Вашата одлука, ќе може да ја исполни Вашата желба.



## Од законот на земање и пресадување на делови од човечко тело заради лекување (Службен весник на Р.М. бр. 47 од 08.04.2011 година)



- **Член 3 –** (1) Земање на делови од човечко тело заради лекување може да се врши само во постапка и услови утврдени со овој закон. (2) Земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување може да се врши само кога е тоа медицински оправдано, кога е тоа најповолен начин на лекување на болниот, кога не се загрозува животот на дарителот или не му се нанесува трајно оштетување на здравјето, во постапка и под услови утврдени со овој закон.
- **Член 4 –** Овој закон се заснова на начелата на солидарност, правичност, еднаков пристап и забрана на дискриминација, медицинска оправданост на земањето и пресадувањето на делови од човечкото тело, безбедност, автономија на личноста на дарителите и примателите на органи и ткива, како и начелото на совесност и чесност.
- **Член 5 –** (1) Во спроведувањето на постапките за земање и пресадување на делови од човечкото тело се обезбедува заштита на човековите права, почитување на достоинството и основните слободи на човекот.
- **Член 7 –** Дарувањето делови од човечко тело се даваат на примателите на начин на кој се обезбедува правична достапност на примателите од Националната листа на чекање и во согласност на транспарентни, објективни, етички и општо прифатени медицински критериуми.
- **Член 8 –** (1) Дарувањето на делови од човечкото тело заради пресадување е доброволно и без надоместок. (2) Забрането е да се дава паричен надоместок или каква било друга корист за дарување на делови од човечкото тело.